**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11. 12. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6380 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: 11 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 11 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ, Скопје, емитуван на 11 декември 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, за време на изборниот молк, објави изјава од носител на функција во орган на власта.

Во периодот од 14 часот и 35 минути до 14 часот и 36 минути, во рамки на *Алфа вести во 14 часот и 30 минути,* емитувана е изјава на Митко Чавков, директор на Биро за јавна безбедност, кој е носител на функција во орган на власта. Куса верзија од изјавата е емитувана во 15 часот и 42 минути (*Алфа вести во 15 часот и 40 минути);* во 16 часот и 38 минути (*Алфа вести во 16 часот и 36 минути)* и во 17 часот и 38 минути, во рамки на *Алфа вестите во 17 часот и 30 минути.*

**11.12.2016**

| Период на емитување на изјавата | Опис: |
|---|---|
| 14:35:52 – 14:36:22<br>15:42:25 – 15:42:54<br>16:38:12 – 16:38:41<br>17:38:21 – 17:38:51 | Вести во 14 часот и 30 минути,<br>Вести во 15 часот и 40 минути,<br>Вести во 16 часот и 36 минути,<br>Вести во 17 часот и 30 минути,<br><br>Изјава на Митко Чавков, директор на Биро за јавна безбедност, носител на функција во орган на власта. |

***Сектор за програмски работи***